European Commission
Commission européenne

Council of Europe
Conseil de l'Europe

# „Поддршка за мрежата на обвинители во Југоисточна Европа"
# Регионален проект ПРОСЕКО (PROSECO)

-резиме на проектот-

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | Регионална акциска програма на КАРДС 2006<br>Поддршка за мрежата на обвинители (Регионален проект ПРОСЕКО) |
| Проектни области | Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, ПЈР Македонија и УНМИК / Косово |
| Буџет | 1.666.669,20 ЕУР |
| Финансирање | Европска комисија (90%) – Совет на Европа (10%) |
| Спроведување | Совет на Европа (Оддел за економски криминал, Директорат за соработка, ГД за човекови права и правни прашања) и Министерство за правда на Италија |
| Времетраење | 24 месеци (април 2008 – април 2010) |

## ИСТОРИЈАТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Потребата да се одговори на организираниот криминал и корупција, како и останатите облици на сериозен криминал како пречка за демократска стабилност, владеење на правото и социо-економски развој во Југоисточна Европа беше покрената како прашање од страна на Советот на Европа, Европската комисија (ЕК) и други организации во повеќе наврати (како во извештаите за ПСА и стратегиите). Имајќи ја предвид транснационалната природа на организираниот криминал и корупција, станува јасно дека сите напори за ефикасно справување со истите бараат зајакнување на регионалната соработка и заеднички пристап и методологија во однос на начините за борба против нив.

И покрај многуте иницијативи и проекти кои имаат за цел поддршка на земјите од Југоисточна Европа за справување со прашањата кои се однесуваат на борба против сериозниот криминал, сеуште постои простор за понатамошно подобрување, особено во делот на регионалната соработка.

На 17 ноември 2006 година, на годишниот Министерски форум за правда и внатрешни работи (ПВР) ЕУ - Западен Балкан, одржан по прв пат во Југоисточна Европа (Тирана, Албанија), беше подвлечено дека *„регионалната природа на прашањата сврзани со феноменот на организираниот криминал воопшто (...) бара и регионален одговор. На состанокот беше истакната важноста на усвојувањето на кооперативен регионален пристап кон проблемите од страна на засегнатите земји (...)"*.

Во оваа смисла, Меморандумот за разбирање (МР) за регионална соработка и воспоставување на мрежа на обвинители потпишан од страна на земјите корисннички на КАРДС во Скопје на 30 март 2005 година, претставува значајна појдовна точка.

Зголемената свест за потребата од регионален пристап кон организиран криминал се покажа исто така и во заклучоците на Четвртиот состанок на мрежата на обвинители одржан во Сараево на 5 и 6 март 2007 година.

## ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Општата цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на земјите кориснички на КАРДС да ја развијат и спроведат соработката во правосудството за борба против сериозниот криминал врз основа на законодавството на ЕУ, како и на меѓународните стандарди и практики, преку поддршка на Мрежата на обвинители.

Особено, овој проект ќе се фокусира на зајакнувањето на законодавните и институционалните капацитети на Јавните обвинители во Југоисточна Европа, во интерес на поефикасна соработка во борбата против сериозниот криминал. Истиот ќе се надоврзе на постигнувањата на Регионалниот проект за судска реформа на КАРДС 2003 (со особен нагласок на интердисциплинарните активности кои биле спроведени) и на основните елементи за идна соработка содржани во Меморандумот за разбирање потпишан на 30 март 2005 година од страна на Јавните обвинители на земјите кориснички на КАРДС.

За да се постигне зацртаната цел, проектот ќе спроведува активности на национално и регионално ниво, распоредени во четири очекувани резултати

| Очекуван резултат | Активности |
|---|---|
| **Општо** | **Почетна фаза / Отпочнување со проектот** |
| Активност 1 | Почетни активности / работилници / состаноци со хомолози |
| Активност 2 | Подготовка на Детален работен план и Почетен извештај |
| Активност 3 | Организација на почетната Конференција во Рим, Италија |
| **Очекуван резултат 1** | **Изработка на предлог закони чија цел е зголемување на ефикасноста на истрагата и покренувањето обвиненија во случаи на сериозен криминал и олеснување на прекуграничната соработка** |
| Активност 1.1 | Оценување со цел да се идентификува делот од законодавството кој треба да биде разгледан и подобрен (со посета на секоја од проектните области во текот на почетната фаза) |
| Активност 1.2 | До две законски ревизии по проектна област (и постојани ад хок совети) со цел да се изврши ревизија на постоечкото законодавство во однос на истрагите, покренувањето на обвиненија, и соработка во борбата против сериозниот криминал: Закон за кривична постапка, Закон за полиција, Закон за обвинителство, Закон за меѓународна соработка и сродното законодавство. Ревизијата на законодавството треба да се изврши во согласност со соодветните европски и меѓународни инструменти. |
| Активност 1.3 | Две тркалезни маси по проектна област (проследување на законската ревизија) и две регионални работилници |
| **Очекуван резултат 2** | **Зајакнати капацитети на човечките ресурси со цел поефикасна соработка, истрага и покренување на обвиненија во случаи на сериозен криминал** |
| Активност | Четири регионални тематски обуки, како на пример обука во врска со |

| | |
|---|---|
| 2.1 | заеднички истражни тимови, употреба на специјални истражни мерки, компјутерски (сајбер) криминал, конфискација и поделба на средства |
| Активност 2.2 | Две тематски обуки на национално ниво во врска со прашања од приоритетен интерес за секоја проектна област |
| Активност 2.3 | Организација на двонеделна програма за стажирање (по 3 обвинители од секоја проектна област) во земји – членки на ЕУ (Италија, Португалија и Словенија) |
| **Очекуван резултат 3** | **Обезбедување на прирачник за соработка и останати алатки за поефикасна соработка во борбата против сериозниот криминал** |
| Активност 3.1 | Превод на извештаите со образложенија, соодветните конвенции и останати документи од приоритетен интерес на јазиците на проектните области и нивно објавување на локалните јазици |
| Активност 3.2 | Дополнување и објавување на прирачникот за судска соработка во борбата против корупцијата и организираниот криминал ПАКО |
| Активност 3.3 | Создавање на веб страници посветени на соработката во правосудството кои би биле надградување на постоечките веб страници на обвинителствата и / или Министерствата за правда и внатрешни работи / безбедност |
| **Очекуван резултат 4** | **Зајакнување на контактните точки за соработка во судството** |
| Активност 4.1 | Оценување на постоечките мрежи за соработка, точки за контакт и законски рамки за нивно функционирање |
| Активност 4.2 | Организација на два регионални состанока за ревидирање на надлежностите на контактните точки и ресурси кои стојат на располагање, со цел да се подобрат и зајакнат нивните капацитети |
| Активност 4.3 | Организација на два регионални состанока на контактните точки и членови на мрежата на обвинители и раководители на одделенијата за организиран криминал од секоја проектна област со цел да се зајакне мрежата на регионално ниво |
| Активност 4.4 | Организација на регионална конференција на мрежата на обвинители со цел да се измени Меморандумот за разбирање за основање на мрежата на обвинители |

**Целни групи:**

- Обвинители и судии специјализирани за борба против организираниот криминал;
- Практичари и повисоки кадри од Министерството за правда (МП);
- Практичари и повисоки кадри од Министерството за внатрешни работи / Министерството за безбедност.

Исто така, како крајни корисници ќе бидат вклучени и другите практичари и институции кои се занимаваат со активности сврзани со меѓународна соработка (како што се Министерството за надворешни работи, НЦБ Интерпол), како и Институциите за обука на судии лоцирани во секоја од проектните области.

## АРАНЖМАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Совет на Европа (Оддел за економски криминал, Директорат за соработка, ГД за човекови права и правни прашања) е одговорен за општото управување со проектот, во тесна соработка со Министерството за правда на Италија.

Јавните обвинители се првата од двете главни партнерски институции во проектот, одговорни за помош во управувањето со проектот со цел да се обезбеди негово непречено спроведување. Во секоја проектна област, јавните обвинители назначуваат едно лице за контакт за целокупното времетраење на проектот.

Министерствата за правда се втората од двете главни партнерски институции во проектот, одговорни за помош во управувањето со проектот со цел да се обезбеди негово непречено спроведување. Во секоја проектна област, МП назначуваат еден службеник како лице за контакт за целокупното времетраење на проектот.

Ќе биде воспоставен и Управен комитет чија цел ќе биде обезбедување на општи технички и стратешки совети, и надзор над соодветното спроведување на проектот. Истиот ќе има задача да се состане на почетокот на проектот, и потоа на секои шест месеци.

Управниот комитет ќе биде составен од по еден претставник од Јавното обвинителство и Министерството за правда од секоја проектна област (односно, по два члена од секоја проектна област). Исто така, ќе бидат претставени и Советот на Европа и неговиот партнер (Министерството за правда на Италија), како ни ЕК (со по еден претставник).

## КОНТАКТ

За дополнителни информации, ве молиме обратете се на:

Оддел за економски криминал / Директорат за соработка / Генерален директорат за човекови права и правни работи
F-67075 Strasbourg Cedex (France)
☎ + 33 3 9021 4646 Факс: + 33 3 9021 5650 ✉:vesna.efendic@coe.int
Министерство за правда на Италија
☎ + 39 06 6885 2906 Факс: + 39 06 6889 7948 ✉: marco.mancini@giustizia.it